Кофинансиран од
Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и
имплементиран од
Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ



# Сценарио за на час
# Превенција на трговијата со деца од рана училишна возраст (VI одделение)

Автор: д-р. Верица Стаменкова Трајкова

Скопје, април 2026

Овој едукативен материјал е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Посебна благодарност до Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, до Бирото за развој на образованието и до Министерството за образование и наука за нивниот придонесот кон изработката на едукативниот материјал.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Совет на Европа, 2026“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Целата друга кореспонденција во врска со оваа треба да се упати на Директоратот II, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France,
Tel. +33 (0)3 88 41 20 00,
E-mail: Horizontal.Facility@coe.int

Насловна слика: Shutterstock
Илустрации: Сара Пренк

© Совет на Европа, април 2026 година. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.

Сценарио за на час: Превенција на трговијата со деца од рана училишна возраст (VI одделение)

Обработка на прикаската *„Пинокио“*, од Карло Колоди – учење за доверба, ризик и заштита од злоупотреба и трговија со деца

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | Историја и општество: под граѓанско општество или класен час |
| Вид /категорија на наставен предмет | Задолжително |
| Одделение | VI-то одделение |
| Тема/подрачје во наставна програма | • Заштита на правата на детето<br>• Заштита на човекови права |
| Број на часови | Вкупно еден училишен час |
| Опрема и средства | • Скратена верзија на прикаската „Пинокио“<br>• Слики од списанија/постери<br>• Хамери или листови за цртање<br>• Фломастери, моливчиња во боја или други бои<br>• Лепак/селотејп, ножички<br>• Белешки за наставникот<br>• Аудио-визуелни помошни средства, прилагодени на возраста (незадолжително) |
| Цели | **Општа цел**<br>Да се поттикне разбирање, чувствителност и одговорност кај децата преку приказната *„Пинокио“*, со цел тие да развијат свесност за опасностите од манипулација и злоупотреба, да ја разберат важноста на довербата и искреноста и да научат **како да се заштитат себе си и другите од трговијата со деца и други злоупотреби**.<br><br>**Посебни цели**<br>Учениците:<br>• Ја **разбираат содржината и пораката** на расказот *Пинокио.*<br>• Ги **препознаваат добрите и лошите избори** што ги прави *„Пинокио„*- главниот лик.<br>• Учат како **непослушноста и лековерноста можат лесно да ги доведат во опасност** децата.<br>• Ја идентификуваат **улогата на совеста** како внатрешен глас што |

| | |
|---|---|
| | предупредува кога нешто не е правилно/опасно.<br>• Ги поврзуваат пораките на приказната со **современи примери**: интернет ризици, лажни профили, врснички притисок, лага и предавство.<br>• **Развиваат свест** за тоа дека секогаш можат да се обратат кај возрасен на кого му веруваат (наставник, родител).<br>• Се поттикнати за **взаемна поддршка** и чувството на заедништво меѓу учениците. |
| Очекувани резултати | Учениците:<br>• Ја сфаќаат разликата меѓу **довербата и наивноста/лековерноста**.<br>• Развиваат **критичко размислување** – да не веруваат веднаш на сѐ што слушаат.<br>• Ја **препознаваат манипулацијата, измамата, злоупотребата** од примерот на Пинокио.<br>• Развиваат **емпатија (како е да се биде во кожата на другиот)** и разбираат како чувствата можат да помогнат да направиме правилен избор. |
| За време на наставата | Учениците:<br>• **Објаснуваат** што значи доверба, како се гради и кога може да биде нарушена.<br>• **Даваат конкретни примери** од приказната за тоа како Пинокио бил измамен, како реагирал и што научил.<br>• **Изразуваат емоционални реакции** – како се чувствуваат кога некој ги лаже, кога прават грешка или кога добиваат прошка.<br>• **Покажуваат разбирање за безбедно однесување** – како да се заштитат во реален и дигитален контекст.<br>• **Создаваат оригинален креативен израз** – порака, цртеж, поема, писмо или колаж – преку кои ќе ја прикажат својата поука од приказната. |

| | |
|---|---|
| | • **Аргументирано дискутираат**, изразувајќи сопствено мислење со почит кон туѓите ставови.<br>• **Препознаваат кога им треба поддршка** и каде може безбедно да ја побара. |
| Методологија / препорачани техники | • Разгледување на аудиовизуелни средства со анализа<br>• Бура на идеи (brainstorming)<br>• Водена дискусија<br>• Креативна работа (цртеж, колаж, состав/песничка)<br>• Игра на улоги<br>• Индивидуална рефлексија на ученикот |
| Оценување | **Област** – **Индикатори**<br>Разбирање – Ги поврзува пораките од приказната со реални ситуации.<br>Емоционална свесност – Ги препознава и изразува чувствата на ликовите.<br>Креативност – Изработува поеми, цртежи и колажи со лична порака.<br>Критичко мислење – Размислува што е вистина, што е измама.<br>Рефлексија – Изразува што научил и како ќе го применува во животот. |
| Примена на сценариото | Наставникот кој ја спроведува оваа активност самостојно одлучува за изборот на активности во согласност со развојното ниво и социо-културен контекст на учениците. |

Активност „Пинокио и безбедноста“

Цели:

- Да се разбере што е трговија со деца
- Да се идентификуваат вообичаените тактики на трговците со деца
- Да се развие свест за безбедност
- Да се поттикне проактивно дејствување

Кратко потсетување на приказната (5-10 минути)

Учениците ја сумираат приказната за Пинокио во 3-4 реченици, на пример: *„Пинокио е кукла која сака да стане вистинско момче. Понекогаш тој лаже или носи лоши одлуки, поради што се наоѓа во ситуации каде што непознати лица се обидуваат да го измамат или искористат. За среќа, тој учи да бара помош и да донесува подобри одлуки.„*

Наставникот прашува:

- Можете ли да дадете пример кога Пинокио им веруваше на погрешни луѓе?
- Што го направи ранлив? (пример: неговата наивност, желбата да им угоди на другите, итн.)

Вовед во трговија со деца (Наставникот објаснува) (5 минути)

*Дефиниција:*
Трговија со деца е кога децата се крадат, земаат од родителите или се принудуваат да прават работи против нивната волја, често за пари. Ова може да вклучува принудна работа, просење, несакани физички контакти, принудно џепарење... Тоа е сериозно кршење на човековите права и мора да се запре.

*Вообичаени тактики што ги користат трговците со деца:*

- Измама и лажни ветувања – На пример: ветување на подароци, чоколадо или пари.
- Киднапирање – Одведување на децата со сила, поканување да влезат во автомобил и бегање.
- Манипулација и груминг – Градење на доверба со тек на време, поставување лични прашања, често се случува преку интернет, влијание децата да прават работи кои им штетат.
- Искористување на ранливост – Таргетирање на децата кои се сами, во тешка економска ситуација, без грижа од возрасен или исплашени.

Дискусија на час – поврзете го Пинокио со трговијата со деца (5-10 минути)

Наставникот го води разговорот со следните прашања:

- Како Пинокио можеше да биде фатен од трговци на луѓе/криминалци?
  *Пример:* Верувајќи им на странци, одејќи на небезбедни места, плашејќи се да каже некому.

- Кои беа неговите ранливости?
  *Пример:* Наивност, страв да признае дека направил грешка, желба за авантура.
- Што можеше да направи за да остане безбеден?
  *Пример:* Да побара помош од возрасни на кои им верува (Ѓепето), да ги повика безбедносните линии, да одбие понуди што изгледаат премногу добри за да бидат вистинити, да не споделува лични информации преку интернет.
  (**Споделете ги со учениците важните ресурси како:**
  **тел. на МВР 192 / 112; „Ла Страда" (Отворена порта) бесплатна линија: 0800 11111; Прва детска амбасада Меѓаши советувалиште: +38970 390 632;**
  **или** redbutton.mvr.gov.mk **за пријавување сознанија или информации за злоупотреба и трговија со деца.**)

На децата кои се во опасност може да им се помогне и да се спасат од лошите луѓе!

Насоки за безбедност (споделени од наставникот):

- Никогаш не е ваша вина ако некој се обиде да ве измами или повреди.
- Секогаш треба да му кажете на возрасен на кого му верувате.
- Постојат служби и бесплатни телефонски линии кои се подготвени да ви помогнат.

**Креативна рефлексија (15-20 минути)**

Учениците изработуваат и објаснуваат:

- **Постер или колаж** – Ќе прикажат безбедно и небезбедно однесување.
- **Сликање или цртеж** – Ќе илустрираат сцена каде Пинокио бара помош или прави безбеден избор.
- **Драматизација (играње улоги)** – Во мали групи ги прикажуваат следниве сцени:
  - Пинокио е намамен од страна на непознат.
  - Пинокио бара помош од возрасен на кого му верува.
  - Сценарио на повик на бесплатна линија, каде Пинокио пријавува дека некој се обидел да го однесе или да го искористи.

*Поттикнете ги учениците да истакнат храброст, да побараат помош и да не се срамат да зборуваат.*

**Рефлексија во круг (5 мин.)**

- Секој ученик споделува една научена работа:

Пример „Следниот пат кога ќе се почувствувам небезбедни јас ќе..."

- Наставникот ги води учениците до заклучок:

„Пинокио направи многу грешки, но секогаш учеше од нив. Така и ние можеме да бидеме внимателни, но и храбри, кога некој се обидува да нè излаже. Денес ризиците не се само на улица – тие се и на интернет. Затоа треба да веруваме на својата совест, на родителите и на луѓето што нè сакаат."

| |
|---|
| **Дополнителни материјали**<br>Прирачник за наставници и стручни соработници- Заштита на децата од трговијата со луѓе: што треба да направат училиштата? 1680a4368b<br>Едукативни и информативни материјали (летоци, илустрирани книги, видеа)<br>Publications about Combatting Human Trafficking- Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје<br>Прирачник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиштата priracnik-nastavnici-print.cdr |
| **Дополнение – игра на улоги**<br><br>I. Општа цел на активноста<br>Учениците преку глума, дијалог и анализа ќе:<br>- препознаваат ризични и манипулативни ситуации,<br>- развиваат емпатија и критичко размислување,<br>- учат како да кажат „не“ на опасни понуди, и<br>- да донесуваат безбедни и морални одлуки.<br><br>II. Времетраење<br>15–20 минути<br><br>III. Потребни материјали<br>• Картички со имиња на ликови (Пинокио, штурецот, лисицата, мачката, Ѓепето, самовилата)<br>• Простор за сценска изведба (или импровизирана сцена во училница)<br><br>IV. Подготовка на учениците<br>1. Вовед (5 минути):<br>Наставникот објаснува дека преку игра ќе ја истражуваат приказната од друг агол.<br>Прашува:<br>o „Дали некогаш некој ви понудил нешто што изгледаше премногу убаво за да биде вистина?“<br>o „Како знаете кога некој ве лаже или сака да ве искористи?“<br>2. Поделба на улоги:<br>Групите избираат по еден Пинокио, штурец, лисица, мачка, Ѓепето и самовила. Ако има повеќе ученици, можат да се направат 3–4 паралелни групи, секоја со свое сценарио.<br>3. Објаснување на задачата:<br>Наставникот кажува:<br>„Вие ќе прикажете една сцена од животот на Пинокио.<br>Вашата задача е да покажете како тој може да донесе добра или лоша одлука – и што следува потоа.“<br>„Не е важно да глумите совршено, туку да размислите како се чувствува секој лик.“ |

V. ПРЕДЛОЖЕНИ СЦЕНАРИЈА – игра на улоги
Приказната се користи согласно замислата на наставникот.

| Сценарио | Содржина | Порака / Цел |
|---|---|---|
| 1. Пинокио и штурецот | Пинокио сака да оди на островот каде нема училиште, а сите се забавуваат. Штурецот го предупредува. | Да се препознае значењето на совеста и гласот на разумот. |
| 2. Пинокио и лошите момци (лисицата и мачката) | Му нудат „лесни пари“ ако им ги даде неговите пари. | Манипулација, измама, наивност. |
| 3. Пинокио и Ѓепето | Пинокио се враќа дома по лагите. Ѓепето му простува, но бара искреност. | Вредноста на извинувањето и довербата. |
| 4. Пинокио и самовилата | Самовилата го поттикнува да ја каже вистината, носот му расте кога лаже. | Последици од лагата, искреност и самопочитта. |

VI. ПРИМЕР НА СЦЕНА
Сцена: „Островот на забавата“
Ликови: Пинокио, штурецот, лисицата, мачката

Пинокио:
*„Чуј, Штурецу! Таму нема училиште, нема правила! Само игри и слатки! Ќе одам и јас!“*

Штурецот:
*„Но, Пинокио, тоа изгледа сомнително. Зошто некој би ти нудел толку многу, без причина?“*

Лисицата:
*„Ех, не слушај го! Ние ќе те однесеме таму. Таму сите се среќни и слободни!“*

Мачката:
*„Ќе ти покажеме како да бидеш богат без труд!“*

Пинокио:
*„Навистина? Па, можеби треба само да ризикувам малку...“*

*(Пинокио оди со нив. Наставникот ја прекинува сцената.)*

Наставник:
„Стоп! Сега да размислиме – што ќе се случи понатаму? Кој е ризикот? Како можеше поинаку?“

VII. ДИСКУСИЈА ПО СЦЕНАТА (10 минути)
Наставникот води разговор:

- Зошто Пинокио им верува на мачката и лисицата? Како тие го излажаа?
- Кој се обиде да му помогне? Што претставува Штурецот?
- Кој е сличен пример од реалниот живот?
  (понуда преку интернет, лажен профил, бесплатен подарок, барање да испратите слики, понуда да искочите со непознат „пријател„)
- Како можеме да кажеме „не“ без да се плашиме?

На таблата се запишуваат одговорите во две колони:
Безбедни избори
Ризични избори

VIII. КРАТКА РЕФЛЕКСИЈА И ЗАТВОРАЊЕ

1. Секое дете завршува реченица:
   - „Научив дека...“
   - „Следниот пат кога некој ќе ми понуди нешто сомнително, ќе...“
2. Учениците можат да напишат кратко писмо до Пинокио:

„Драг Пинокио, ако бев на твое место, ќе направев...“

3. Завршна порака од наставникот:

„Сите ние понекогаш сме како Пинокио – љубопитни и лековерни.
Но, важно е да го слушаме гласот на совеста и да препознаеме кога некој не ни мисли добро.”

## Предупредувачки знаци кај децата

- Нагли промени во однесување (повлеченост, страв).
- Чести изостанувања или избегнување училиште.
- Чести барања за отсуство поради болки во стомакот и сл.
- Раскажување приказни што укажуваат на контакт со непознати лица (во реалност или онлајн).
- Необјасниви подароци, пари или предмети.
- Видлива вознемиреност при разговор за безбедност или доверба.

📌 Овие знаци не значат нужно трговија со деца, но се сигнал дека детето е во ризик и треба дополнително внимание.

ЛИСЕЦОТ



ЃЕПЕТО



МАЧКАТА



ПИНОКИО



ШТУРЕЦОТ



САМОВИЛАТА



Овој едукативен материјал е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на автор(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Тој има 46 држави членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

www.coe.int

MKD

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа